Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 233//0306
25.04 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 10.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Хелсиншкиот комитет за човекови права,** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **ЕВЕ КАКО СИ ИГРАЛЕ СО ОГАН ПАЃАВОЛОТ ДОШОЛ ПО СВОЕТО Кој дозволил ваква пиротехника во дискотеката во Кочани?**, објавен на онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk)**,** на 16.03.2025, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот на 17.03.2025 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „ЕВЕ КАКО СИ ИГРАЛЕ СО ОГАН, ПА ЃАВОЛОТ ДОШОЛ ПО СВОЕТО. Кој дозволил ваква пиротехника во дискотеката во Кочани?“, објавен на онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk), на 16.03.2025 г., при што се жали на мешање на факти и мислења, вест со коментар. Во жалбата се наведува дека објавениот текст претставува „вознемирувачко, непрофесионалпо и неетичко известување“. Притоа е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот  стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА  НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „ЕВЕ КАКО СИ ИГРАЛЕ СО ОГАН, ПА ЃАВОЛОТ ДОШОЛ ПО СВОЕТО. Кој дозволил ваква пиротехника во дискотеката во Кочани?“, објавен на онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk), на 16.03.2025 година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето и дека не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој е од исклучителен јавен интерес, објавен во почетните моменти откако се дозна за трагедијата во Кочани.

Комисијата едногласно утврди дека во текстот само се прераскажува она што се слуша и гледа од видеото и дека се редат факти за присуство на полиција, пожарникари и луѓе од ЦУК, како и за содржини на социјалните мрежи. Во текстот се информира за пренесени повредени во болници и други податоци, при што онлјан медиумот се повикува и на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk      info@semm.mk      (02) 3222-595

информациите од други портали. Во текстот всушност, е прераскажано она што се случувало во дискотеката во моментот на избивањето на пожарот и потоа, при што медиумот, во ситуација кога се уште нема доволно детални официјални информации, користи изрази „најверојатно“, „неофицијално“ и сл. Комисијата оцени дека секое известување за ваков настан, по својата природа е вознемирувачко.

Што се однесува на насловот на текстот, Комисијата смета дека тој има силна емоционална и реторичка моќ. Тој користи метафори „си играле со оган„ и „ѓаволот дошол по своето“ истовремено поставувајќи го клучното прашање за тоа „кој дозволил ваква пиротехника во дискотеката во Кочани?“ Имајќи предвид дека медиумот го објавил текстот во првите часови од дознавањето за трагедијата, со ваквиот реторички силен наслов тој имал намера да укаже на неодговорното користење на пиротехниката (на видеото се гледа моментот на почеток на пожарот) и да го постави клучното прашање “кој е одговорен“ или „кој го дозволил ова“, што е целосно легитимно и оправдано.

Од овие причини Комисијата оцени дека онлајн медиумот со овој текст не отстапил од професионалните и етички стандарди во новинарството.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.
*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595